З А П И С Н И К

од третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 02.03.2017 година, со почеток во 10:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател,
2. Горан Велинов, заменик претседател;
3. Славе Веловски, член;
4. Петар Есмеров, член
5. Дешира Имери, член
6. Сашо Димитријоски, Директор на Агенцијата;
7. Владимир Велкоски- Раководител на Сектор за финансии- во својство на записничар,

На состанокот се работеше по предложениот дневниот ред:

1. Усвојување на Записникот од вториот состанок на Комисијата одржан на 21.02.2017 и усвојување на предлог дневниот ред за третиот состанок за 2017 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од вториот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Доставување на нацрт ревизорски извештај на АЕК за 2016 година и нацрт ревизорски извештај на Универзална услуга за 2016 година;

   На седницата беа присутни претставниците на независната ревизорска куќа Грант Торнтон, и од нивна страна беа презентирани нацрт ревизорски извештај на АЕК за 2016 година и нацрт ревизорски извештај на Универзална услуга за 2016 година. За двата беше дадено мислењето дека финансиските извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата на ден 31 декември 2016 година, како и резултатите од работењето за годината што тогаш заврши, во согласност со

сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија за непрофитни организации.

Од страна на Комисијата беа поставени неколку прашања, на што беше одговорено дека Ревизорската куќа нема забелешки. А исто така и Директорот и Комисијата немаат забелешки по ревизорските извештаи.

3. Разно.

По оваа точка немаше дискусија.

Состанокот заврши на 02.03.2017 во 11:45 часот.

**Гордана Клинчарова, член** ___________________________

**Славе Веловски, член** _______________________________

**Горан Велинов, член**________________________________

**Петар Есмеров, член**________________________________

**Дешира Имери, член**_____________________________

Наш број ____________

Скопје ______________

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk